# Да се работи на развојот на свеста за културата

Македонија е земја во која потребата од дебата е голема. Кога граѓанскиот сектор и државните организации се стремат кон истото, а тоа е приближување кон европското семејство, тогаш е многу полесно да се соработува - ова е една од тезите изнесени на вториот „Форум Скопје", кој вчера и денеска се одржува во Домот на Армијата во Скопје со која сите учесници се согласија. Ваквите средби помагаат да се осознае културната разноликост на регионот и каков е нејзиниот придонес во Европската Унија, смета еврокомесарот Ерван Фуере.

Политички експерти, претставници на невладиниот сектор, културни работници на дводневната манифестација имаат можност да ги кажат своите ставови во однос на повеќе теми. Се организираат шест панел-средби, обединети под насловот „Европски културен дијалог".

Форумот го отвори министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска.

- Воспоставувањето на дијалогот и соработката меѓу различните култури, чија цел е да се поддржи свеста на уметниците и на творечките работници во областа на културата и на медиумот, овозможува да се изградат меѓусебна доверба и долготрајно партнерство и солидарност во презентацијата на заедничките интереси. Во повеќе наврати потсетувам дека токму културата е можеби еден од најважните извозни продукти на нашата држава, сегмент кој љубоморно го чува нашиот




Соработка помеѓу политичкиот, културниот и граѓанскиот сектор, побараа учесниците на форумот

идентитет, тоа што нè прави поинакви и посебни, но и тоа што нè зближува и нè поврзува со Европа - рече Канческа-Милевска.

Таа го истакна придонесот на Форумот, кој „остави белег во културното живеење на државата и која мошне успешно ја позиционира културата во центарот на вниманието."

- Форумот интензивно ги подвлече и продолжувањето на традицијата на подигање на свеста за културата и зголемувањето на соработката помеѓу политичкиот, културниот и граѓанскиот сектор. Заклучоците што произлегоа од ланското издание на манифестацијата го потврдија фактот дека ваквите настани може да иницираат многу проекти од областа на културата, регионалната и меѓународната соработка - додаде Канческа-Милевска.

Првата тема на која се дискутираше вчера беше „Новите форми на соработка помеѓу цивилното општество и политичкиот сектор". Нејзин модератор беше Милена Драгичевиќ-Шешиќ, професор на Белградскиот универзитет и советник на министерот за култура на Србија.

За Васко Шутаров, член на делегацијата за култура во Собранието на Македонија, културата заеднички ја креираат четири столба во општеството.

- Триножјето граѓански сектор, политички фактор, приватен сектор и медиумите без четвртиот столб - медиумите, не може да биде стабилно. Дури со четирите столба можеме да кажеме дека имаме столче на кое културата може да мирува, да ужива или понекогаш и да се клати. Очекувам форумот да донесе заклучоци, резултати што треба да бидат дел од една работна платформа. Минатата година беше година на интеркултурен дијалог, но за среќа, тој дијалог продолжи и годинава. Се надевам дека искуствата што ќе ги размениме, заклучоците што ќе ги донесеме, ќе бидат дел и од македонската прагматика - рече Шутаров.

За европарламентарецот Ерик Мејер, невладиниот сектор мора да добие што поголем простор во нашите општества.

- Според моето долгогодишно искуство, можам да заклучам дека во Европската унија многу е релативно кој како ја чувствува демократијата. Од моето искуство, во почетокот на 21 век, кога требаше да се одлучува за десетина земји да влезат, меѓу кои Полска, Унгарија, Чешка, од многумина претставници од невладиниот сектор, особено во Чешка, добив сознанија дека државата не е многу заинтересирана да го слушне невладниот сектор. Тоа беше многу лош показател - рече Мејер.

Амбасадорката за култура Хелена Дрновшек-Зорко, амбасадор за култура при Министерството за надворешни работи на Словенија, истакна дека ваквите средби ги учат земјите како да се зајакне регионалната соработка и во каква слика да ѝ се претставиме на Европа.

Форумот го организираат Европска алијанса на Република Македонија и здружението на граѓани „Јавна соба". (С.Ѓ.) ■